картичка (важи до), па доколку не прими обновена картичка до крајот на месецот кој е назначен како важност на картичката должен е за тоа да го извести Динерс Клуб во Скопје. Во горенаведените случаи на став 1 и 2 на овој член, членот на Динерс Клуб - ТТК БАНКА АД Скопје ја сноси финансиската одговорност за последиците од злоупотреба на картичката сè до моментот на писмено известување во Динерс Клуб за губитокот или кражбата на картичката, после кое финансиската одговорност паѓа на товар на ТТК БАНКА АД Скопје.

**чл. 9** ТТК БАНКА АД Скопје може во секое време да го откаже членството доколку членот не се придржува кон обврските превземени со овие Правила. При отказот членот е должен пресечената картичка веднаш да ја врати во ТТК БАНКА АД Скопје, лично или со препорачана пратка по пошта. Членството во Динерс Клуб - ТТК БАНКА АД Скопје членот или фирмата можат да го откажат со писмен отказ во секое време, без образложение и должни се да ги подмират сите долгови направени со Динерс Клуб - ТТК БАНКА картичката по доспевање на долгувањата. Во тој случај нема право на враќање на членарината за тековната година. Обновувањето на картичката за следната година треба да се откаже најмалку еден месец пред истекот на нејзината важност, а во спротивно картичката се обновува автоматски, при што се пресметува и наплатува членарина. Обнова на картичката не се врши автоматски доколку постои моментален долг на картичката кој го надминува личниот лимит, или постои долгување повеќе од две сметки.

**чл. 10** Со цел да го заштити својот начин на работа или од други оправдани причини ТТК БАНКА АД Скопје во согласност со Динерс Клуб може да ги измени правилата и условите за членство во Динерс Клуб - ТТК БАНКА АД Скопје. За измени и дополнувања на овие правила членот ќе биде известен по писмен пат, па доколку писмено не го откаже членството ќе се смета дека промените ги прифатил.

**чл. 11** Членот на Динерс Клуб - ТТК БАНКА АД Скопје, при зачленувањето, плаќа еднократна уписнина и годишна членарина, која се пресметува за секоја тековна година, за секој поединечен корисник на кредитната картичка. Новиот член на Динерс Клуб - ТТК БАНКА АД Скопје ја плаќа уписнината при подигањето на картичката и истовремено се задолжува за износот на членарината согласно тарифата за надоместоци и услугите што ги нуди Динерс Клуб и ТТК БАНКА АД Скопје. Трошоците за издавање на нова картичка, после кражба, губење или оштетување на истата, ги сноси членот.

**чл. 12** Корисникот на картичката може да ги користи сите услови кои продажното место им ги нуди на сите купувачи со исти цени и услови и тоа на сите продажни места кои се вклучени во продажната мрежа на Динерс Клуб со безготовинско плаќање. Динерс Клуб не сноси никаква одговорност ако продажното место од било која причина не ја прими Динерс Клуб - ТТК БАНКА картичката, но во тој случај бара соодветно известување. На барање на членот, Динерс Клуб ќе го извести на кои места во Македонија и во странство ќе може да подигнува готовина и под кои услови.

**чл. 13** Корисникот на картичката со потпишувањето на апликацијата се согласува да го плаќа надоместокот на име провизија при подигање на готовина од банкомати и банкарски шалтери со Динерс Клуб - ТТК БАНКА картичка.
Истовремено се согласува да при користење на услугите на бензинските пумпи со Динерс Клуб - ТТК БАНКА картичката, Динерс Клуб Интернационал МАК дооел го задолжи за износ на име такса за извршената услуга.

**чл. 14** Корисникот е должен секое пресметковно ливче (слип) за купената стока или услуга да го провери и потпише. Сите согледани неисправности на пресметковното ливче, корисникот ги рекламира непосредно на продажното место при купувањето, односно при користењето на услугата. По потпишувањето на пресметковното ливче корисникот е должен да побара еден примерок за себе, кој му служи за контрола на износот на трошоците, бидејќи со фактурата која ќе му биде доставена нема да бидат приложени копии од пресметковните ливчиња. Сите дополнителни рекламации членот ги решава непосредно со продажното место и при тоа не смее плаќањата кон Динерс Клуб – ТТК БАНКА АД Скопје да ги одлага.

**чл. 15** Динерс Клуб - ТТК БАНКА АД Скопје доставува сметки на основниот член, кој има обврска да ги плаќа и трошоците на дополнителниот член. Дополнителниот член е солидарен должник. Динерс Клуб – ТТК БАНКА АД Скопје доставува сметки два пати месечно, на адресата која ја наведува основниот член.

Неплаќање на сметките во назначениот рок повлекува трошоци на опомена од 150,00 мкд. За сметките кои не се платени во рокот на нивното доспевање, кој е наведен во самата сметка, се пресметува законска затезна камата. По неизмирување на втората сметка членството во Динерс Клуб - ТТК БАНКА АД Скопје се сторнира, а долгот се наплатува по присилен пат. Сите сметки се доставуваат писмено, со обична пошта. Домашните трошоци се плаќаат во МКД, а девизните трошоци се плаќаат во ЕВРА на девизната сметка на Динерс Клуб во банка. Членот се обврзува, врз основа на направениот трошок да изврши уплата во рок од 30 дена од денот на извршеното купување или користената услуга, иако не ја примил редовната сметка на Динерс Клуб - ТТК БАНКА АД Скопје. Се смета дека долгот е подмирен кога средствата ќе стасаат на сметката на Динерс Клуб во Скопје.

**чл. 16** На посебно означените продажни места за исплата на готовина, кои се вклучени во продажната мрежа на Динерс Клуб, членот може да побара исплата на готовина, за која ќе му биде пресметана надокнада. На банкоматите членот го внесува четвороцифрениот идентификациски број (ПИН), со кој членот ја потврдува трансакцијата наместо со потпис. Членот е должен да го чува ПИН-от како тајна и да го чува одвоено од картичката. Во случај на злоупотреба на картичката со користење на ПИН-от, ќе се смета дека членот го дал бројот и дека дал согласност за трансакција, па за тој трошок ќе се терети членот.

**чл. 17** Доколку членот има забелешки или рекламации на добиената сметка, има право и обврска истото да го направи во рок од 8 дена од последниот ден за плаќање на спорната сметка. По истекот на рокот се смета дека добиената сметка е исправна.

**чл. 18** Членот изречно се согласува, личните податоци дадени при аплицирањето и користењето на Динерс Клуб - ТТК БАНКА картичката, Динерс Клуб да може да ги користи и пренесува во секое време за своите потреби, со цел да спречи злоупотреба или да го наплати паричното побарување на членот. Членот изречно се согласува, Динерс Клуб слободно да може да го пренесува неговиот долг за наплата на други физички или правни лица.

**чл. 19** Општите правила за зачленување и користење на Динерс Клуб - ТТК БАНКА картичката се составен дел на Апликацијата и претставуваат составен дел на Договорот за користење на картичката. Со потпишување на Апликацијата се смета дека членот ги прифаќа условите содржани во Општите правила.

**чл. 20** Во случај на спор надлежен е Основниот Суд Скопје 2 во Скопје.

**Централа Скопје 02 3236 400/401 · Центар Скопје 02 3296 110 · Тетово 044 335 280 Битола 047 225 988 · Виница 033 363 244 · Гостивар 042 221 874 · Дебар 046 838 610 Кавадарци 043 400 285 · Кичево 045 228 620 · Кочани 033 277 766 · Куманово 031 438 660 · Охрид 046 231 895 · Радовиш 032 630 650 · Ростуше 042 479 005 · Струга 046 784 467 · Струмица 034 343 872 · Штип 032 385 001**


**Diners Club International** - МАК дооел
Г.Т.Ц. Кеј 13 Ноември, кула 2/2, 1000 Скопје, Македонија
тел: 02 / 311 44 44; факс: 02 / 312 90 75
e-mail: info@diners.com.mk
www.diners.com.mk

**ТТК БАНКА** АД Скопје
ул. Народен Фронт 19а, 1000 Скопје
тел: 02 / 3236 400; факс 02 / 3236 444
e-mail: ttk@ttk.com.mk
www.ttk.com.mk


Diners Club International

ТТК БАНКА А.Д. СКОПЈЕ

www.ttk.com.mk

www.diners.com.mk

# Diners Club ТТК Банка




## **Персонална** Кредитна Картичка

Кредитните картички се најраспространетиот начин на плаќање во современото живеење. Динерс Клуб - ТТК БАНКА картичката Ви овозможува плаќање во 8 милиони продажни места ширум светот и на повеќе од 3 000 продажни места во земјава. Користењето на персоналната Динерс Клуб - ТТК БАНКА картичка го поедноставува начинот на секојдневното живеење и пред сè штеди време!

Diners Club International

ТТК БАНКА А.Д. СКОПЈЕ

Diners Club International

## ❶ Лични податоци

Име и презиме

Мајчино моминско презиме

Име на таткото

ЕМБГ

Место на раѓање

Број на лична карта

Издадена во

Број на пасош

Пол ☐ М ☐ Ж

Живеалиште ☐ Сопствен стан ☐ Станарско право ☐ Сопствена куќа ☐ Кај родителите ☐ Подстанар

Улица и број

Поштенски број и место

Фиксен телефон

Мобилен телефон

E-mail адреса

Недвижен имот

Други картички

☐ Мастер ☐ Виза ☐ Американ Експрес

Издадена од

**Фактурите праќајте ги на адреса:**

☐ Стан ☐ Претпријатие

# Апликација за персонална картичка

Забелешка

## ❷ Жиранти

Име и презиме на прв жирант

ЕМБГ

Потпис

Име и презиме на втор жирант

ЕМБГ

Потпис

## ❸ Податоци за вработување

Име на претпријатието

Улица и број

Поштенски број и место

Работно место

Занимање

Стручна подготовка

Вкупен стаж

Вкупен стаж во ова претпријатие

Фиксен телефон

Број на факс

E-mail адреса

Износ на нето плата

Датум

Потпис

Лимит ЕУР Група Одобрил

## Општи правила за членување во Динерс Клуб и упатство за користење на персоналната Динерс Клуб - ТТК БАНКА картичка

**чл. 1** Член на Динерс Клуб - ТТК БАНКА АД Скопје може да биде секое полнолетно лице, кое има живеалиште или престој на територијата на Македонија, под услови да може сигурно и на време да ги подмирува трошоците и обврските кои настанале со користење на Динерс Клуб - ТТК БАНКА картичката и да може да ги задоволува останатите услови утврдени со овој Правилник (во понатамошниот текст ОСНОВЕН ЧЛЕН).

Член на Динерс Клуб - ТТК БАНКА АД Скопје може да биде лице од потесното семејство кое не ги исполнува условите предвидени во став 1 на овој член, ако основниот член се согласи да го прифати како дополнителен член.

Основниот член може во секое време да го отповика од членство во Динерс Клуб - ТТК БАНКА АД Скопје дополнителниот член, меѓутоа одговараат солидарно за сите настанати трошоци при користење на картичката.

**чл. 2** Динерс Клуб - ТТК БАНКА картичката е со интернационална важност. Членот на Динерс Клуб - ТТК БАНКА АД Скопје е должен да има:

- девизна сметка со која може да располага во секое време, како и денарска сметка АВИСТА, со која се овозможува плаќање на девизните трошоци во денари, по налог на членот.

**чл. 3** За зачленување на нови членови потребно е да бидат комплетирани сите документи, според упатството за прием во членство кои заедно со уредно пополнетата Апликација, во знак на прифаќање на општите правила за зачленување и користење на Динерс Клуб - ТТК БАНКА картичката, документите треба да се доставаат лично или по пошта до комисијата за прием на членови. Некомплетираните документи нема да бидат разгледани.

**чл. 4** Членот на Динерс Клуб - ТТК БАНКА АД Скопје е должен по писмен пат да се јави на ТТК БАНКА АД Скопје, во рок од 8 дена за секоја промена на адресата, вработувањето, деловноста, како и за други податоци важни за користењето на картичката.

Пропуштањето на овие обврски повлекува примена на санкции според член 9 од општите правила за членство.

**чл. 5** За прием во членство во Динерс Клуб - ТТК БАНКА АД Скопје одлучува посебна Комисија, со право на сопствена проценка.

Подносителот на Апликацијата дозволува на ТТК БАНКА АД Скопје да ги провери сите наведени податоци, како и дополнително да се информира за основниот и дополнителниот член. ТТК БАНКА АД Скопје не е должна да даде образложение во случај кога Апликацијата не е позитивно решена.

**чл. 6** Динерс Клуб - ТТК БАНКА картичката е сопственост на Динерс Клуб и како таква се користи со согласност на сопственикот и правилата за користење на картичката. Секоја неовластена и незаконита употреба на картичката е казнива. На барање на лицето од продажното место, корисникот на кредитната картичка е должен да даде на увид исправа за идентификација.

**чл. 7** Картичката е непренослива (може да ја користи само лицето на чие име е издадена) и важи до датумот назначен на самата картичка а се обновува доколку членот и корисникот се придржуваат до овие правила. Во спротивно, Динерс Клуб - ТТК БАНКА АД Скопје има право да не ја обнови, временски да ја ограничи или да ја одземе картичката.

**чл. 8** Во случај на губење или кражба на Динерс Клуб - ТТК БАНКА картичката, корисникот е должен веднаш да ја извести централата на Динерс Клуб во Скопје, ТТК БАНКА АД Скопје или најблизок Динерс Клуб во странство за губење или кражба на картичката, поради спречување на нејзина злоупотреба. Корисникот на картичката е должен да води сметка за датумот на важење на истата кој е назначен на самата

ТТК БАНКА А.Д. СКОПЈЕ